Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14 и 44/2015), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека Градоначалникот на Општина Кочани донесе Одлука за организирање **на јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови од страна на заинтересирани физички и правни лица.**

Јавниот повик ќе трае најмалку 31 ден , односно во перидот од **07.08.2015г до 07.09.2015г.**

Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави Иницијатива за изработка и донесување на деталeн урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистики план вон населено место, преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Кочани.

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма.

Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.

**Бр.22-1633/2**
**05.08.2015год.**
**Кочани**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
По овластување на Градоначалникот
Бр.04- 1620/1 од 31.07.2015 год.
Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животна средина
**Александар Гицов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ